**20250260569**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22, 206/22, 43/23, 123/23, 223/23, 82/24 и 188/24), во член 2 во ставот (3) зборовите „Законот за земјоделските задруги“ се заменуваат со зборовите „Законот за задругите“.

Член 2

Во член 3 став (1) во алинејата 1 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„организирање на саеми од областа на земјоделството и руралниот развој за промоција на производи од територијата на Република Северна Македонија кои се утврдени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.“.

Во ставот (4) во алинејата 1 износот „120.000„ се заменува со износ „200.000“.

Во алинејата 1 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- 2.400.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој член.“.

Во ставот (5) зборовите „Законот за земјоделски задруги“ се заменуваат со зборовите „Законот за задругите“.

Член 3

Во член 4 ставот (5) се менува и гласи:

„Корисници на техничката поддршка и субјекти кои може да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од ставот (1) на овој член се економските партнери запишани во евиденцијата во Министерството.“.

Ставот (6) се брише.

Член 4

Во член 5 став (1) алинејата 9 се менува и гласи:

„ - трошоци за електронска платформа за домашна и интернационална промоција и продажба на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (закуп на интернет простор, одржување на сервер за воспоставување на Б2Б портал, промотивни видеа, онлајн промоција и хибридна промоција, воспоставување на веб страна за органска храна www.organskahrana.mk, воспоставување на веб страна за мали производители на вино www.malivinarii.mk, како и изработка и публикување на веб страна);“.

Во алинејата 10 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 10 се додава нова алинеја 11 која гласи:

„- трошоци за дизајн и изработка на информативни и промотивни материјали од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и закуп на медиумски простор за објава на истите.“.

Во ставот (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- за амбалажа за земјоделски производ и преработени земјоделски производи за домашен пазар и за извоз со потекло од Република Северна Македонија која се состои од палета, гајба, фолија, стаклена тегла, капак за тегла, предна и задна етикета, но не повеќе од 2 денари по килограм зеленчук и“.

Во алинејата 3 зборовите „извезен ориз“ се заменуваат со зборовите „ориз за домашен пазар и извоз“.

Во ставот (9) зборовите „алинеја 9“се заменуваат со зборовите „алинеи 9 и 11“.

Во ставот (15) по зборовите „користење на техничката поддршка“ се додаваат зборовите „и/или правни лица регистрирани согласно Законот за трговскитете друштва кои имаат регистрирано соодветна дејност поврзана со дизајн и изработка на веб страна“.

По ставот (16) се додава нов став (17) кој гласи:

„(17) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 11 на овој член е Министерството, а субјекти кои можат да учествуваат во постапката за доделување на средствата за техничката поддршка се правни лица регистрирани согласно Законот за трговските друштва кои имаат регистрирано соодветна дејност поврзана со дизајн и изработка на информативни и промотивни материјали од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и закуп на медиумски простор за објава на истите.“.

Член 5

Во член 7 во ставот (3) зборовите „и други правни лица кои имаат најмалку три години работно искуство во областа на земјоделството и рурален развој“ се бришат.

Член 6

Во член 8 во ставот (3) зборовите „„земјоделски здруженија регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и земјоделските задруги согласно Законот за земјоделските задруги“ се бришат.

Член 7

Во член 9 во ставот (5) зборовите „и земјоделски здруженија регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации“ се бришат.

Член 8

Во член 10 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„- трошоци за набавка на хардвер и софтвер, трошоци за набавка на компјутерска и информатичка опрема, трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци според мерките за финансиска поддршка утврдени во програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска поддршка во руралниот развој, кои ги спроведува Агенцијата,“.

Во алинејата 5 по зборовите „земјоделството“ се додаваат зборовите „„програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство“.

Во алинејата 9 по зборовите „радарски систем“ се додаваат зборовите „и набавка на мали метеоролошки станици“.

Алинејата 15 се менува и гласи:

„- трошоци за ревизија, ажурирање и дополнување на постојаните физибилити студии со идејни проекти;“.

По алинејата 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19 кои гласат:

„- трошоци за ревитализација, реорганизација, зајакнување и обновување на конзервативниот материјал за автохтони сорти растенија,

- трошоци за изработка на нови проекти, ревизија, ажурирање и дополнување на постоечки проекти за водостопанство и

- техничка помош за одржување на системите за наводнување и одводнување.“.

Во ставот (8) зборовите „алинеја 12“ се заменуваат со зборовите „алинеи 12 и 16“.

Во ставот (10) зборовите „е Центар за развој на Источен плански регион“ се заменуваат со зборовите „се Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој(*) “.

По ставот (10) се додаваат три нови става (11), (12) и (13) кои гласат:

„(11) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 17 на овој член е Земјоделскиот институт – Скопје (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје).

(12) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 18 на овој член е Управата за водостопанство.

(13) Корисник на техничката поддршка од став (1) алинеја 19 на овој член е Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија - Скопје.“

Член 9

Во член 11 во ставот (1) зборовите „алинеи 4 и 10“ се заменуваат со зборовите „алинеи 4, 10 и 11“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Средствата за техничката поддршка од член 4 став (1) алинеја 2 од оваа уредба ќе се реализираат со договор склучен помеѓу Министерството и економските партнери на Министерството, по претходно доставен предлог за користење на техничка поддршка од страна на економските партнери на Министерството.“.

Член 10

Во член 12 во ставот (1) зборовите „алинеи 4, 7, 8, 9 и 10“ се заменуваат со зборовите „алинеи 4, 7, 8, 9, 10 и 11“.

Во ставот (2) во точката 6 зборовите „друга институција.“ се заменуваат со зборовите „друга институција, заверена на нотар;“.

По точката 6 се додаваат две нови точки 7 и 8 кои гласат:

„7. Изјава дека на манифестацијата од изложувачки карактер ќе учествуваат најмалку 10 изложувачи (потпишани на изјавата), заверена на нотар, пред настанот реализиран со јавен повик и

8. Изјава за најмалку 20 учесници на настан, од областа на земјоделството и руралниот развој (потпишани на изјавата), заверена на нотар, по настанот, со извештај за реализација на настанот реализиран со јавен повик.“.

Во ставот (4) алинејата 2 се менува и гласи:

„- финансиски документ за направени трошоци за амбалажа на флаширано и извезено вино со потекло од Република Северна Македонија или за земјоделски производ и преработени земјоделски производи за домашен пазар и за извоз во палета, гајба, фолија, стаклена тегла, капак за тегла, предна и задна етикета со потекло од Република Северна Македонија;“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- фактура за реализиран домашен трговски промет за зеленчук и ориз,“.

Во ставот (11) зборовите „алинеја 9“ се заменуваат со зборовите „алинеи 9 и 11“.

Член 11

Во член 14 во ставот (4) зборовите „алинеја 6“ се заменуваат со зборовите „алинеи 6 и 11“.

Член 12

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-815/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.